
Извештај од

СЛЕДЕЊЕТО НА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ

август - декември 2024 година



Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Институт за човекови права

Наслов:

ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ
За периодот август - декември 2024 година

Издавач:

Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје

Скопје, декември 2024 година

Публикацијава е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија.
Нејзината содржина на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

СОДРЖИНА

ВОВЕД 4

ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ 4

Гласање и систем за тонско снимање 5

Јавни седници на ССРСМ 5

Годишни извештаи за работата на ССРСМ 6

Присуство на членовите, по функција, на седниците на ССРСМ 7

Анализа на содржината на објавите на Судскиот совет и на изјавите за медиуми 7

ЕФЕКТИВНОСТ И ЕФИКАСНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ 8

Имплементација на препораките од Оценската мисија на ЕУ 8

Избор на членови на Судскиот совет од редот на судиите 9

Избор на членови во Управниот одбор на АСЈО 10

Избор на судии и претседатели на судови 11

Разрешување судии и претседатели на судови 12

Следење на работата на судовите 13

Одлучување по претставки од граѓани и од правни лица 14

ЗАКЛУЧОЦИ 15

ПРЕПОРАКИ 16

ВОВЕД

август - декември
2024 година

Институтот за човекови права, преку присуство на сите отворени седници, редовно ја следи работата на Судскиот совет. Цел на оваа активност е, преку објективно следење на неговата работа, Институтот за човекови права да ги забележи предизвиците и напредокот во неговото работење, како и да придонесе, со заклучоци и препораки базирани на докази, за подобрување на состојбата во судството. Оваа активност се спроведува во рамки на програмата „Пристап до правда за сите – Годишна работна програма 2024", финансирана од Европската Унија во рамки на ИПА III програмата за граѓанско општество и медиуми, за 2022 година.

Мониторинг извештајот за работата на Судскиот совет на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Судски совет или ССРСМ) се однесува за **периодот од август до декември 2024 година.**

Извештајов е поделен во три главни дела кои се однесуваат на **транспарентноста, ефективноста и ефикасноста на Судскиот совет**.



За потребите на извештајов беа користени следниве извори на информации: присуството на сите отворени седници на Судскиот совет, записниците и извештаите од Судскиот совет, објавите и документите презентирани на веб-страницата на Судскиот совет, објавите во медиумите, итн.

ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ

одржани
16 седници

По донесувањето на Комуникациската стратегија, во јуни 2024 година, ССРСМ бележи видливо подобрување во општата транспарентност, која може да се нотира преку подетално образложување на соопштенијата за јавност. За разлика од претходно, кога секоја објава имаше наслов „Соопштение", во периодот од септември па наваму, **објавите на страната на ССРСМ имаат различни наслови, што го олеснува пребарувањето на информациите** на веб страницата. Задржана и унапредена е практиката веднаш по завршувањето на секоја седница да се објават соопштенија за донесените одлуки и заклучоци, со **поопширни известувања поврзани со точките кои биле разгледувани, како и за донесените одлуки. Оваа воспоставена практика, но и заложбите за понатамошното унапредување на транспарентноста на ССРСМ,** имајќи ги предвид препораките од Оценската мисија на ЕУ, како и документите кои се донесени во текот на 2024 година, се добра основа за зголемување на довербата кон јавноста и **подобрување на активната транспарентност на ССРСМ.**

Законската обврска за објавување на записниците од седниците на ССРСМ се почитуваше. Записниците се детални, а истите се објавувани по нивното усвојување. Во овој временски период се бележи нивно редовно усвојување и објавување на веб страницата на ССРСМ, а се објавуваат и сите подзаконски акти кои ги донесува ССРСМ, квартални извештаи за работа на судовите, извештаи од работни посети на судови и други документи од работата на ССРСМ.

Пренесувањето на седниците во живо од Македонската информативна агенција и понатаму продолжува. Оваа практика беше воведена во мај 2023 година, но често се присутни и други медиуми, како и новинари и претставници на невладини организации кои известуваат за седниците. Во соопштенијата од секоја седница се објавува и линкот од седницата.

И во овој период се бележи зголемен интерес, како за седниците, така и за реализирањето на препораките од Оценската мисија на ЕУ.

Во наведениот временски период ССРСМ има **одржано 16 седници,** а објавувањето на дневниот ред за седниците во главно беше навремено. **Може да се забележат само 2 итни седници,** од кои едната е заради донесување решение со кое е утврден престанок на судиската функција на судија на Врховен суд на Република Северна Македонија, поради донесена правосилна пресуда на Основен кривичен суд Скопје, како и заради формирање работна група која треба да го испита случајот за кој има сомнеж дека евентуално има незаконито постапување на судија во Основниот кривичен суд Скопје. Другата итна седница е заради утврдување престанок на функцијата претседател на Судскиот совет на Република Северна Македонија, заради неотповиклива оставка.



ГЛАСАЊЕ И СИСТЕМ ЗА ТОНСКО СНИМАЊЕ

Во декември 2024 година, по спроведена постапка, **ССРСМ инсталираше нов електронски систем за тонско снимање и гласање**, преку кој јавноста, на монитор, веднаш може да види како гласал секој член. Со тој систем има можност да се гласа само со „да“ или „не“, што е и единствена законска можност. Оваа промена претставува чекор кон унапредување на транспарентноста и индивидуалната одговорност, а тоа беше и една од заложбите на Советот, односно избегнување на поинакво гласање кога гласањето е јавно - со кревање рака, и кога гласањето е тајно - според претходниот систем на гласање.



ЈАВНИ СЕДНИЦИ НА ССРСМ

Динамиката на одржувањето на седниците, на месечно ниво, и понатаму останува иста. **Во текот на еден месец се одржуваат најмалку две седници,** а една секогаш е резервирана за одлучување по претставките на граѓаните и правните лица, што е и законска обврска.

Седниците започнуваат навремено, како и во претходниот период, додека пак практиката за одржување колегиуми пред отпочнувањето на седниците сега е надмината. Исто така и закажувањето на итни седници е минимално и од оправдани причини.

Јавните седници на ССРСМ и работењето на членовите е обемно, со многу точки на дневен ред, при што **може да се забележи активно учество во дискусиите на сите членови, со користење право на реплика, аргументации и образложување**. Дискусиите траеја подолго време, но, за разлика од претходно, се почитува Деловникот за работа на ССРСМ, во кој е наведено како и колку може секој член да дискутира по одредено прашање.

За разлика од претходно, кога членовите, по одредена точка, не се согласуваа со дадениот предлог за одлучување, сега даваа конкретни објаснувања за причините за нивното несогласување со предлогот, и често даваа нови, аргументирани предлози за одлучување по одредена точка за која се расправаше на седницата.



ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТАТА НА ССРСМ

Годишниот извештај за работа на ССРСМ, за 2023 година, кој беше доставен до Собранието во законски предвиденият рок[1]**,** на 25.4.2024 година**, не беше усвоен на пленарната седница**[2] одржана на 16.12.2024 година, а по предлог на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците на Собранието на Република Северна Македонија**. Годишниот извештај за работа на ССРСМ воглавно содржи статистички податоци од работата на ССРСМ и Судскиот буџетски совет, како што е предвидено и во законот.**

По неусвојувањето на извештајов се разви голема полемика меѓу политичките партии, односно меѓу претставниците на законодавниот дом и претставниците на извршната власт, околу тоа дали со неговото неусвојување може да бидат разрешени членовите на ССРСМ кои се избрани од Собранието на РСМ. Претставниците на извршната власт беа категорични дека неусвојувањето на извештајот од страна на Собранието е доволен основ за нивно разрешување Оваа реторика многу интензивно се лиферуваше во медиумите подолго време. Законските одредби од Уставот, како и од Деловникот на Собранието упатуваат на тоа дека ова прашање се уредува со закон, а во Законот за ССРСМ не е предвидена постапка за разрешување на член на ССРСМ од страна на друг орган, освен од самиот ССРСМ. Единствена одредба која може да биде применлива од Собранието, но не упатува на разрешување, е член 100 од Законот за ССРСМ кој вели: „Доколку Собранието на РСМ не го усвои извештајот, тоа ќе биде основ за поведување расправа пред органите што ги избрале членовите на Судскиот совет за оцена на нивната работа во советот.“ Од оваа одредба произлегува дека во Собранието може да се расправа по ова прашање, но сепак, основите за тоа кој може да биде подносител за разрешување на член на ССРСМ, како и постапката за разрешувањето на членот се предвидени само во Законот за ССРСМ.

Идејата за разрешување на членовите на ССРСМ, која интензивно се пласираше во периодот од септември до декември 2024 година, сериозно влијаеше негативно врз независноста и непристрасноста на судството, кое, како една од трите власти, треба да биде заштитено од политички притисоци. Ваквата реторика ја поткопува и онака слабата доверба на јавноста во судството. Реториката на владејачкото мнозинство не доби поддршка ниту од меѓународната заедница, ниту од правните експерти и граѓанскиот сектор кои предупредија дека ваков преседан би имал дол-

1 *https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=39a30df8-b2ac-4133-a706-915071aa5a7c*

2 *https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=b811d2fc-52a9-468c-9920-8c5964672d9a*

горочно штетни последици врз судската независност и ќе остави можност за политички влијанија и во иднина. Упадот на извршната и законодавната власт во судскиот систем е недозволив и им противречи на демократските принципи.



ПРИСУСТВО НА ЧЛЕНОВИТЕ, ПО ФУНКЦИЈА, НА СЕДНИЦИТЕ НА ССРСМ

Во овој извештаен период **министерот за правда не беше присутен на ниту една седница на ССРСМ,** иако тој, како и претседателот на Врховниот суд на РСМ, се членови по функција во Судскиот совет и можат да учествуваат на седниците на ССРСМ, но без право да гласаат.

Претседателката на ВСРСМ присуствуваше на дел од седниците, а своето отсуство на оние седници на кои не беше го оправда со преголема зафатеност со тековни работи како претседателка на највисок суд во државава. На седниците на кои присуствуваше, учествуваше со свои мислења, видувања, предлози и сугестии по одредени точки од дневниот ред.



АНАЛИЗА НА СОДРЖИНАТА НА ОБЈАВИТЕ НА СУДСКИОТ СОВЕТ И НА ИЗЈАВИТЕ ЗА МЕДИУМИ

Во временскиот период за кој се однесува овој извештај, видно од веб страницата на ССРСМ, **може да се констатира континуиран интензитет на комуникацијата на ССРСМ кон општата јавност.**

Забележителни се објавите за посети и присуство на конференции на кои претседателката, или некој друг член на Советот, имале свое обраќање. **Во овој период зачестија провокациите на извршната власт преку изјави дадени во јавноста во насока на разрешување на членовите на ССРСМ.** Со цел смирување на состојбата и иницирање на конструктивен дијалог меѓу извршната и судската власт, беше одржан состанок помеѓу претседателката на ССРСМ и претседателот на Владата на РСМ. Сепак, состанокот немаше позитивен исход, при што односите меѓу судската и извршната власт дополнително се влошија.

Може да се констатира дека е подобрена транспарентноста на ССРСМ кон општата јавност во поглед на почести и подетални информации кои се споделуваат не само за непосредните надлежности на ССРСМ, туку и за останатите активности кои ги презема претседателката и членовите на ССРСМ во насока на поголема отвореност кон граѓаните. **Како пример кој треба да се следи и понатаму е објавувањето на биографиите на кандидатите за членови на ССРСМ од редот на судиите, што досега не беше практика, бидејќи се објавуваа само имињата на кандидатите, што претставува законска обврска.** И покрај зголемениот број документи кои се прикачуваат на веб страницата, моменталната **веб-страница на ССРСМ не е задоволително лесна за пребарување и не овозможува лесно пребарување на документи и објави**.

Во врска со зголемената реторика на медиумите за разрешување на членовите на ССРСМ, што произлегува од изјавите на претставниците на другите две власти, ССРСМ

нема директни обраќања-соопштенија кон јавноста во врска со ова. Единствено, во неотповикливата оставка на претседателката Весна Дамева, јасно беше потенцирано дека овој притисок има директно влијание и врз нејзината одлука да поднесе оставка.

Соопштенијата за јавност што ССРСМ ги упати во овој период се однесуваа на номинацијата на членовите на Управниот одбор во Академијата за судии и јавни обвинители од редот на судиите, а кои се членови на ССРСМ, потоа имаше реакција во врска со мандатот на претседателката на ССРСМ, потоа имаше и соопштение, со изразување загриженост во врска со објавата на Стејт Департментот на САД за ставање судија на „црна листа", како и соопштение во врска со упадот на ОЈО Скопје во канцелариите на ССРСМ.

Со цел јакнење на довербата кон јавноста, ССРСМ воспостави практика по сопствена иницијатива да презема мерки и да ги разгледува предметите кои се од интерес за јавноста со цел да се спречат евентуално несакани последици доколку при извршување на своите надлежности, ССРСМ утврди несоодветно постапување на судиите во конкретни предмети. Имено, по извршени проверки, ССРСМ јавно го презентира извештајот за констатирана состојба врз основа на утврдени факти, при што понатаму презема дополнителни активности што можат да резултираат и со иницирање на постапка за разрешување на судија/претседател на суд.

Воедно, во насока на поголема видливост на работата на Судскиот совет во остварувањето на своите надлежности, неопходно е да продолжи почестото објавување на соопштенија од секојдневните активности, а кои се однесуваат на нивната примарна цел за обезбедување независност на судството, како објави од актуелни проблеми и активности кои ССРСМ ги презема за нивно решавање.

ЕФЕКТИВНОСТ И ЕФИКАСНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ

ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРЕПОРАКИТЕ ОД ОЦЕНСКАТА МИСИЈА НА ЕУ

Имплементирањето на Препораките што беа презентирани во Извештајот на Оценската мисија на ЕУ, во 2023 година, а се однесуваа на подобрувањето на состојбата во ССРСМ и на судството во целина, во текот на овој период, продолжи преку реализација на **Акцискиот план, кој го донесе ССРСМ. Реализацијата на овие препораки, покрај со донесените документи во претходниот период, се огледа во унапредувањето на постапувањето на самиот Судски совет.**

Сите усвоени измени на неколку документи треба да бидат основа за подобрување на суштинската транспарентност на ССРСМ, којашто директно ќе влијае и на нивното ефективно работење и ќе значи јакнење на довербата, не само кон граѓаните, туку и кон самите судии, но останува да се види како овие измени ќе се применуваат во иднина.

ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СУДСКИОТ СОВЕТ ОД РЕДОТ НА СУДИИТЕ

Во периодот од **септември до декември 2024 година беа спроведени два избора за членови на ССРСМ од редот на судиите и со тоа се изврши замена на три нови членови**.

Имено, на 4 септември 2024 година се изврши избор за член на ССРСМ од редот на судиите коишто се припадници на заедниците, а кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија, и, како единствен кандидат, беше избрана **Џенета Бектовиќ**, судија на Основен кривичен суд Скопје. Овој избор се спроведе во сите судови во државава. **Судијата Џенета Бектовиќ беше избрана со големо мнозинство гласови, односно со 273 гласа од вкупно 365 судии кои имаа право да гласаат.**

Вториот избор на членови на ССРСМ од редот на судиите беше одржан на 11 декември 2024 година. На овие избори се избираа два члена, и тоа еден од општата листа на кандидати од апелациското подрачје Штип, и еден член од единствената посебна листа за кандидати на судиите - припадници на сите заедници кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, за целата територија на Република Северна Македонија.

За член на ССРСМ од апелациското подрачје Штип имаше пријавено повеќе кандидати и тоа:

- **Ацо Тасев**, судија/претседател на Основен суд Штип;
- **Данка Ристова**, судија на Апелациискиот суд Штип;
- **Мери Гичева**, судија на Основен суд Штип;
- **Невена Перица**, судија на Основен суд Штип;
- **Тони Делев**, судија/претседател на Апелациискиот суд Штип.

За единствената посебна листа на кандидати за судии - припадници на сите заедници кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, за целата територија на Република Северна Македонија, беше пријавен само еден кандидат, и тоа:

- **Аритон Ала**, судија на Апелациискиот суд Скопје

За членови на ССРСМ беа избрани **Данка Ристова**, **судија на Апелациискиот суд Штип, со 27 гласа од вкупно 40, и Аритон Ала, судија на Апелациискиот суд Скопје, со 253 гласа од вкупно 354**.

За прв пат ССРСМ, со објавување на кандидатските листи, ги имаше објавено и биографиите на кандидатите за членови на ССРСМ од редот на судиите. На овој начин не само јавноста, туку, и пред сè и судиите, можеа да се запознаат со професионалната биографија и движењето во кариерата на своите колеги на кои требаа да им ја дадат довербата и да ги застапуваат нивните интереси во ССРСМ.

Во постоечката законска регулатива не е предвидена одредба со која се регулира цензусот за гласање, така што и двата кандидати за членови на ССРСМ се избрани согласно со Законот за Судски совет на РСМ.

Неотповиклива оставка на претседателката на ССРСМ

На 2 декември 2024 претседателката на ССРСМ - **Весна Дамева поднесе неотповиклива оставка од функцијата – претседател на ССРСМ** преку јавно обраќање упатено до граѓаните, медиумите, членовите на ССРСМ и судството. **Таа својата оставка ја даде заради континуираните напади кон неа, кон Судскиот совет и целото судство од претставниците на извршната и законодавната власт,**[3] како и поради опструкциите на тие две власти спрема судската власт со необезбедувањето услови и финансиски средства за нормално функционирање на судството. Во оставката наведе дека не се повлекува од функцијата член на ССРСМ, сметајќи дека успешно ќе придонесе, со своите ставови и стекнатото искуство, да се подобри работата на ССРСМ и на целото судство, во насока на унапредување на независноста и непристрасноста.

Нејзината оставка беше прифатена на итна седница на ССРСМ.[4] **Ова е втора оставка на претседател на Судскиот совет, каде како главна причина се наведуваат политичките притисоци. Сепак, и покрај сериозноста на овие наводи, Судскиот совет досега не покрена суштинска дебата, ниту презеде конкретни активности за справување со овие влијанија**.



ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА АСЈО

По барање на Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО), ССРСМ, на седница, под точка разно, предложи свои членови, кои се судии, за членови на Управниот одбор на АСЈО. Оваа одлука беше критикувана од дел од јавноста и експертската заедница, кои укажаа дека ваквата практика може да се толкува како судир на интереси, бидејќи не е дозволиво истовремено вршење на две јавни функции. Воедно, **Државната комисија за спречување корупција (ДКСК) покрена постапка, поради сомневање за можен судир на интереси, и донесе одлука, во краток рок, со која ја запре постапката, но препорача ССРСМ да ја преиспита својата одлука за именување и да преземе мерки за надминување на констатираната состојба**. ССРСМ ја разгледа одлуката на ДКСК, но одлучи дека истата е неприменлива. Во образложението ССРСМ наведе дека одлуката на ДКСК не содржи конкретни аргументи за природата на судирот на интереси и се повикува на одредби од Деловникот кои, според ССРСМ, не се релевантни за конкретниот случај.

Историски гледано, не е првпат членови на ССРСМ да бидат и членови на Управниот одбор на АСЈО. Иако законските одредби се изменети, тие не се доволно прецизни за да забранат вакво двојно членство. Според надлежностите на двата органа, директно преклопување на функциите не постои, освен во делот за изборот на кандидати од АСЈО за судии во основните судови. Управниот одбор на АСЈО одлучува по жалби на кандидатите за завршните ранг-листи, додека ССРСМ ги избира судиите

3 Соопштение по повод оставката на претседателката на ССРСМ, Весна Дамева

4 Соопштение за 507-ма итна седница на ССРСМ

од овие кандидати. Во случај на сомневање за пристрасност, би можел да се примени институтот на изземање.

Во меѓувреме, еден од номинираните членови за УО на АСЈО - Ханиф Зендели, поднесе оставка од оваа функција.



ИЗБОР НА СУДИИ И ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИ

По подолг период, заради спроведување на претседателските и парламентарните избори, со што се пролонгираа активностите за избор на судии во повисоките судови, ССРСМ изврши избор на судии во Апелацискиот суд Штип, каде беа унапредени 3 судии од граѓанска област. Исто така, беше извршен избор на судии во Апелацискиот суд Гостивар, каде беа избрани 2 судии од граѓанска област.

На огласот за избор на судии во **Апелацискиот суд Штип** беа пријавени 5 кандидати од граѓанска област. На првиот оглас **е избран 1 судија**, додека на вториот оглас за судии на Апелацискиот суд Штип биле пријавени 4 кандидати од граѓанска област и **избрани се 2 судии**.

На огласот за избор на судии во **Апелацискиот суд Гостивар** беа пријавени 5 кандидати од граѓанска област и **избрани се 2 судии**.

На седниците, за секој кандидат поединечно, беа реферирани бодовите што ги добиле. Врз основа на бодовите добиени од целата постапка на оценување, беше направена ранг-листа, по која се гласаше, почнувајќи со кандидатот кој беше прв на ранг-листата, со најголем број бодови. **Согласно со законот, за избран се смета оној кандидат кој ќе добие 8 гласа од членовите на ССРСМ со право на глас**. Кога ќе се изгласаат доволен број кандидати, барани според огласот, се прекинува со понатамошното гласање и не се дава можност да се гласа за останатите кандидати и да се исцрпи целата ранг-листа. **Заради законските одредби, оваа практика е присутна во ССРСМ и повторно се поставува прашањето дали и некој друг кандидат од ранг-листата може да добие ист, па дури и поголем број гласови од претходниот кандидат за кој веќе е гласано од членовите на ССРСМ.**

Но, и покрај критиките од јавноста, како и поради препораките од Оценската мисија, не се смени оваа досегашна практика.

При вршење на овој избор на судии во повисок суд, односно при унапредување, не се случи да се избере судија кој не е редоследно поставен на ранг листата, па членовите на ССРСМ не добија прилика да објаснат зошто некој судија не го избираат, иако е следен на ранг-листата.

Несомнено е дека е потребна законска измена во овој дел, со цел да се воедначи кои документи ќе се бараат, но сепак, поради обезбедување на предвидливост за кандидатите и избегнувањето на впечатокот дека се манипулира со рангирањето на кандидатите, препорачливо е ССРСМ да се придржува до своите заклучоци, без разлика кои се членовите на комисијата која врши селекција и рангирање на кандидатите за унапредување.

Во текот на овој извештаен период **ССРСМ избра 8 нови ВД претседатели** и тоа: на Основниот суд Велес, Основниот суд Крушево, Основниот суд Гевгелија, Основниот суд Кратово, Основниот суд Кочани, Основниот суд Берово, Вишиот Управен суд и Апелациониот суд Гостивар.

Избрани беа и **3 нови претседатели на судови**, и тоа на Основниот суд Велес, Основниот суд Струга и Вишиот Управен суд.

Загрижувачки е податокот дека и понатаму има тренд во помалите судови да нема заинтересирани кандидати за претседатели.



РАЗРЕШУВАЊЕ СУДИИ И ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИ

Во периодот до декември 2024 година Судскиот совет констатира престанок на судиската функција поради старосна пензија на 11 судии, како и 1 судија на кој му престанала судиската функција по сопствено барање, и еден судија кој е разрешен од судиската функција поради покренување кривична постапка по правосилна пресуда на Основниот кривичен суд.

Во септември 2024 година, по барање на судија, беа одржани две јавни расправи за одговорност на судија/претседател на суд. На едната расправа не беше присутен судија кој побарал јавна расправа, додека на другата расправа беше присутен судијата. Оваа јавна расправа се пренесуваше во живо, но немаше присуство на претставници од Здружението на судии на РСМ, претставници на медиумите или други заинтересирани, освен подносителот на барањето за покренување одговорност на судијата. На оваа расправа беа изнесени, од двете страни, доказите за барањето за покренување на постапката, како и доказите од страна на судијата против ваквото барање. Потоа, по барање на судијата, во понатамошната постапка, беше исклучена јавноста.

Во втората половина од 2024 година ССРСМ донел 7 одлуки за запирање постапки за одговорност на судија/претседател на суд, 1 одлука за разрешување од вршење на судиската функција, 1 одлука за нестручно и несовесно вршење на судиската функција на судија (кој сега е во пензија), 1 во одлука за изрекување дисциплинска мерка - јавен укор, и изрекол 1 дисциплинска мерка за намалување на платата на судии. Врз основа на Барања за поведување постапка за утврдување одговорност на судии или на претседател на суд ССРСМ времено оддалечил судија на ВСРСМ од вршење на судиската функција до правосилно завршување на кривичната постапка.

Трендот на недостаток од судии во основните и во апелациските судови, во Вишиот управен суд и во Врховниот суд на РСМ и понатаму продолжува, односно на месечно ниво се намалува бројот на активни судии. Осмата генерација на кандидати за судии и јавни обвинители од АСЈО сè уште не е завршена, иако се предвидуваше дека ќе биде до крајот на 2024 година, а следната генерација сè уште не е започната со почетна обука, од причини што во првата половина на 2024 година, поради изборниот процес, беше запрена постапката за прием на нови слушатели во АСЈО и сè уште нема никакви информации дали ќе продолжи и во каков облик ќе биде.

СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТАТА НА СУДОВИТЕ

Во насока на зголемување на довербата кон судиите и граѓаните, претседателката на ССРСМ, воедно и во својство на претседателка на Судскиот буџетски совет, спроведе посети во повеќе судови во државава, со цел да се овозможи директна комуникација помеѓу ССРСМ и судиите. На овие средби се разговарало со претседателите на судовите и непосредно со судиите, со цел да се слушнат проблемите и предизвиците со кои се соочуваат. Исто така, на состаноците биле изнесувани предлози од судии, кои се во насока за надминување на состојбата во судството, од аспект на недостаток на судии, судски службеници, како и од недостаток на финансиски средства за нормално функционирање на судовите.

Преку горенаведените посети и директната комуникација меѓу Судскиот совет и судиите се обезбедила и се продлабочила соработката, што е позитивен пристап, со оглед дека ова е една од надлежностите на ССРСМ. Покрај следењето на работата на судовите, ССРСМ своите надлежности ги остварува и преку разгледување и оценување на тримесечните и годишните извештаи, но и преку редовни посети на судовите од комисии составени од членови на Судскиот совет, што е предвидено во Интерниот план за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите за 2024 година и Акциискиот план, кој е составен дел на Интерниот план, донесен во март 2024 година.[5]

Од кварталните извештаи за работата на судовите може да се констатира дека продолжува трендот на неажурни судови, а како причини за таа состојба се наведуваат намалениот број судии, недоволниот број судска администрација, како и зголемениот број предмети.

Вообичаена практика е, по извршените посети на судовите, членовите на комисијата што ја извршила посетата, на седница, да го презентираат извештајот од посетата, со истакнување на позначајните наоди до кои дошле, како и со предлагање заклучоци за понатамошно постапување, доколку биле утврдени недостатоци во работењето на судовите или на некои судии или претседатели на судови. Доколку се јави потреба, се случува да се оди и во вонредна посета на некој суд, а причините за тоа најчесто се судски предмети кои се од интерес за јавноста или претставки од граѓани или правни лица. Така, во текот на овој извештаен период, беа извршени посети на судови, а **на седница беа презентирани и усвоени извештаите од работните посети на Основен суд Битола, Основен суд Тетово, Основен суд Охрид, како и извештаите од работните посети на Апелациискиот суд Скопје, Апелациискиот суд Гостивар и Врховен суд на РСМ.**

5 *www.sud.mk*

ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ ОД ГРАЃАНИ И ОД ПРАВНИ ЛИЦА

Претставките од граѓани и од правни лица, кои се поднесуваат до ССРСМ, а се однесуваат на работата на судиите и на претседателите на судовите, редовно се разгледуваат и се решаваат со почитување на законските рокови.

Во втората половина од 2024 година биле разгледани околу 190 претставки поднесени од граѓани и од правни лица.

Најголем број од претставките Судскиот совет ги одбива како неосновани, имајќи предвид дека со претставките граѓаните, односно правните лица, бараат преиначување на судска одлука, бидејќи не се задоволни од истата. Во најголем број случаи Судскиот совет наоѓа дека постапката по предметот може да биде и по жалба пред второстепениот суд, па наводите во претставката второстепениот суд ќе ги цени како жалбени наводи при одлучувањето, а бидејќи Судскиот совет нема ингеренции да интервенира во судските одлуки, ниту пак да ги менува истите, не наоѓа основи за постапување по поднесените претставки.

Исто така, **може да се забележи и отфрлање на претставките**, а како основна причина за отфрлањето се наведува немањето нови факти во однос на поднесената претставка, потоа фактот дека претставката е веќе разгледувана на некоја од претходните седници или пак поради тоа што истата не ги содржи сите податоци што се неопходни да биде разгледана.

Продолжува трендот на зголемен број основани претставки од ССРСМ. Претставките за кои челновите на ССРСМ ќе најдат дека се основани содржат повеќе докази, од кои во текот на испитувањето можат да утврдат индиции за несовесно или нестручно работење на некој судија. Од значење за овие претставки е тоа што, кога се работи за претставка во која судијата ги пречекорил роковите за постапување, или за објавување на одлуката, или за изработување на одлуката, членовите на ССРСМ тоа го констатираат. Една од причините за ваквото постапување е што ваквиот однос спаѓа во критериумите за оценување на судиите, согласно со Методологијата за нивно оценување. По целосното испитување на претставките за кои има индиции дека се основани, членовите на ССРСМ можат да покренат и постапка за одговорност на судијата/претседател на суд. Во случаите кога основите што се презентирани во претставките не се доволни за покренување постапка за одговорност на предметниот судија/претседател на суд, основаните претставки ќе бидат дел од оценката за судијата/претседателот на судот.

Во овој период може да се забележи неконзистентно постапување кај претставките по однос на основаноста, потоа дека понекогаш за многу слични претставки различно се одлучува, односно дека претходно донесеното становиште го менуваат без образложение.

ЗАКЛУЧОЦИ

Во периодот од август до декември 2024 година беше извршен голем притисок врз членовите на ССРСМ од страна на претставниците на извршната и законодавната власт, што резултираше со голема медиумска застапеност на ССРСМ.

Очигледна е зголемената општа транспарентност на ССРСМ, преку голем број објави на нивната веб страница, со навремени информации за седниците, за одлуките донесени по седниците и со соопштенија од седниците кои се пообемни и кои содржат детали за точките - расправани на нив.

Судскиот совет редовно ја вршел својата работа во однос на постапувањето по претставките, со изборот на судии во основните судови, работните посети на судовите, редовното оценување на судиите, како и со контролата на работењето на судовите преку посети и квартални извештаи.

Позитивно е утврдувањето поголем број претставки од граѓаните како основани, бидејќи Судскиот совет истите може да ги земе предвид при утврдувањето индиции за несовесното и нестручното работење на некој судија. Но, треба доследно да се применува воспоставената практика при одлучувањето кај исти или слични наоди по претставките.

При изборот на судии во повисок суд, од ранг-листата изработена согласно со постапката предвидена за унапредување судии во овој период, се избираат прворангираните, за што беше дадено образложение од членовите на ССРСМ зошто токму тие судии треба да бидат унапредени. Со усвојувањето на измените и дополнувањата на Деловникот за работа на ССРСМ и со изменувањето и дополнувањето на Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, во наредниот период останува да се следи примената на овие измени во ситуации кога нема да бидат избрани прворангираните судии, односно кога нема да се избираат редоследно судите како што се на ранг листата.

Како отворено прашање и понатаму останува, при изборот на судии, прекинувањето со понатамошно гласање откако ќе се изберат доволен број кандидати според огласот, при што на останатите кандидати од ранг-листата не им се дава можност да бидат гласани и да остварат ист или поголем број гласови. Немањето кандидати на огласите за претседатели во помалите судови, кое се провлекува подолг период, влијае на работата на овие судови и претставува прашање кое треба да се има предвид при донесувањето стратешки документи и законски измени.

Довербата во Судскиот совет, која очигледно е на релативно ниско ниво, пред се‘ треба да се зголеми помеѓу самите судии, а потоа и од општата јавност.

ПРЕПОРАКИ

Врз основа на следењето на отворените седници на Судскиот совет, извештаите за Судскиот совет, објавите и документите објавени на веб-страницата на Судскиот совет на РСМ и објавите во медиумите, може да се дадат следниве препораки:



Потребни се итни законски измени во насока на примена на препораките на Оценската мисија на Делегацијата на ЕУ во РСМ.



Судскиот совет доследно да ги имплементира документите кои ги донесе, а кои произлегуваат од усвојувањето на препораките од Оценската мисија на ЕУ во РСМ.



Судскиот совет, во наредниот период, да ги насочи своите капацитети кон зголемување на довербата на граѓаните во судството, преку проактивна улога и преземање мерки за намалување на перцепцијата за постоење корупција во судството.



Да се воспостават јасни насоки и критериуми за одлучување по претставки, кои ќе се применуваат доследно во случаи со исти или слични наоди.



Судскиот совет треба да работи на зголемување на довербата кај судиите, преку доследна примена на законските одредби.